**Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ЈНУ Институт за македонска литература – Скопје**

# И З В Е Ш Т А Ј

**за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Период 2017 – 2019**

**С к о п ј е**

**февруари, 2021 година**

Врз основа на член 55 од Законот за високото образование („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 82/18), член 347, 353 и 358 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/19), Комисијата за самоевалуација на Институтот за македонска литература во Скопје го донесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Период 2017 – 2019**

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје, на 5. седница одржана на 23.9.2020 година, согласно одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во постапка со **непосредно и тајно гласање** по предлог на Советот избра членови на Комисијата за самоевалуација, од редот на наставниците. Студентите избраа двајца свои претставници. Комисијата е во состав:

- д-р Наташа Аврамовска, ред. професор / научен советник, претседател
- д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, ред. професор / научен советник, член
- д-р Валентина Миронска-Христовска, ред. професор / научен советник, член
- д-р Гоце Смилевски, вонред. професор / виш научен соработник, член
- д-р Славчо Ковилоски, доцент / научен соработник, член
- м-р Крсте Господиновски, студент
- Маја Лазарова, студент

Основна цел на процесот на самоевалуацијата е мониторинг и анализа на сите релевантни сегменти од работењето на Институтот за македонска литература. Оттука, се изврши квалитативна анализа заснована врз релевантни квантитативни параметри од која произлегоа прецизни и јасни констатации и заклучоци втемелени врз проверливи и релевантни факти. Самоевалуацијата се изврши во согласност со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Упатството за самоевалуација на Универзитетскиот Сенат. Извештајот за самоевалуација се однесува на периодот **2017 – 2019** година, односно на учебните години 2016/17, 2017/18, 2018/19 и 2019/20. Во постапката за самоевалуација е земена предвид и оценката од страна на студентите, дадена преку студентската анкета, којашто задолжително се спроведува при изведбата на наставата во Институтот.

Во процесот на самоевалуација покрај Комисијата учествуваа вработените во Стручната и административна служба − секретарот и библиотекарот, референт за студии со презентирање на податоци и информации кои беа неопходни за изработка на Извештајот. Податоците произлегоа од следнава документација на Институтот:

- законска регулатива и други акти што го регулираат наставно-образовниот процес;
- извештај од претходно извршена самоевалуација (2016);
- акредитираните студиски програми со сите релеватни информации во однос на предметните содржини и наставниот кадар;
- прегледи на запишани и завршени студенти по учебни години (податоци од матичната книга на запишани студенти и од главната книга на дипломирани студенти);
- анкетни листови коишто им беа доставени до студентите, а се однесуваа на квалитетот на наставниот процес и условите на студирање;
- годишните извештаи за целокупната научноистражувачка, издавачка и наставно-образовна дејност на Институтот;
- евидентна книга на библиотеката;
- веб-страници на Институтот;
- евиденции за расположив простор и опрема на Институтот.

## 1. Опис на Институтот за македонска литература

Институтот за македонска литература е формиран пред 40 години како научна единица во рамките на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (1981). Формирањето на Институтот беше со цел на организиран начин да се овозможи планско, долгорочно и систематско проучување, следење и толкување на литературното творештво и наследство во Македонија и подготовка на млади кадри за научна работа, што во целост до денес се исполнува. Институтот е основан како јавна научна установа со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 23 –158/1 од 26 јануари 1998 година („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 6/98). Неговото осамостојување е резултат на постигнувањата на Институтот како организациона единица на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и пред сè на исполнетите услови за оформување кадровска структура. Институтот, согласно Законот за научно-истражувачката дејност остварува дејност од висок стратешки и национален интерес за РС Македонија, затоа што од научно втемелено го истражува тематско—мотивскиот комплекс и книжевниот израз на специфичниот културен идентитет на македонската заедница во неговиот историски континуитет. Предметот на научното проследување, севкупноста на творечкиот книжевен израз, наративот на зедницата, е, имено, стожер на нејзиниот културниот идентитет во неговото историско траење, којшто се проследува во спрега со книжевно-творечкиот израз на припадниците на заедниците, кои живеат во РС Македонија, како и во балкански и интеркултурен контекст воопшто.

Институтот, со Одлука на Универзитетскиот сенат од 25 февруари 1999 година, својата дејност ја остварува како **придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**.

Во своето четиридецениско работење, следејќи ги националните интереси и современите достигнувања во полето на науката за книжевноста и пошироко во подрачјето на хуманистичките науки, Институтот помина низ повеќе развојни периоди поврзани со: напредувањето на кадровскиот потенцијал, реализацијата на современи студиски програми за магистерски и докторски студии во областа на културолошките студии и македонската книжевност, развојот на издавачката дејност, организирање значајни научни собири и воспоставување меѓународна соработка со сродни научни и високообразовни центри во регионот и пошироко.

**Значајни реформи** во функционирањето на Институтот се осамостојувањето, односно прераснувањето во самостојна научна установа (1998), зачленувањето во Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (1999), сместувањето во свои простории во поголем објект – зграда (заедно со ИМЈ „Крсте Мисирков“, 2005), започнувањето високообразовна дејност на вториот циклус студии (2008) и на третиот циклус студии (2011).

Денес, Институтот за македонска литература – Скопје е јавна научна установа која остварува научноистражувачка дејност и високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус, во обласста на историјата и теоријата на македонската литература и култура, современите книжевни и културни процеси и нивните врски и влијанија со другите литератури и култури. Во 2021 година Институтот бележи 40-годишен јубилеј од неговото основање.

## 2. Карактеристики на сегашната состојба

Институтот за македонска литература денес својата дејност ја врши во три компатибилни области:

1. **Научно-истражувачка работа** на домашни и меѓународни проекти;
2. **Наставна дејност** на студиски програми од втор и трет циклус (културолошки студии и македонистика);
3. **Издавачка дејност** со монографски авторски публикации на истражувачкиот тим и периодични научни списанија со меѓународни уредувачки одбори.

Како мал и исклучително оперативен тим, Институтот за македонска литература - Скопје брзо и ефикасно се прилагодува и соодветно одговара на новите научни и образовни предизвици коишто се поставуваат пред академската јавност на домашната и меѓународната сцена. Станува збор за тим кој негува особено чувство за заедништво, колегијалност и висок степен на професионална етика како во истражувачката работа, така и во работата со студентите во сите

фази на нивното образување. Иако мал тим, во својата оперативност и отвореност и кон другите институции во домашната научна средина, Институтот се јавува како иницијатор и домаќин на многу и разновидни научни случувања и проекти при кои е анимирана поширокaта научна како и студентската јавност. Се јавува како организатор на меѓународни конференции по посебни поводи, на билатерални меѓународни проекти кои резултираат со големи научни собири и зборници како финален резултат, коишто повеќето во меѓувреме имаат прераснато во традиционални (македонско-хрватски, македонско-словачки јазични, книжевни и културни врски, македонско-турска соработка за урбаните културни идентитети, македонско-српски согледувања за развојот на романот итн.).

Како сериозни недостатоци, сепак, и покрај ентузијазмот на колективот, нужно е да се наведат: отсуството на финансирање на домашни и меѓународни истражувачки проекти од страна на Министерството за образование и наука во текот на цела една деценија (од 2011), кусок на научен кадар, којшто постојано се осипува со пензионирањето на шест научни советници чиешто испразнето работно место досега не е надополнето, при што се констатира и тотално отсуство на научен подмладок. Во овде релевантниот период 2017-2019 се забележува и опаѓање на бројот на запишани студенти на програмите од втор циклус, што се должи првенствено на економската ситуација во земјата (отсуство на државни и други фондови за стипендирање на студентите), големата конкуренција и одливот на студентите на студии во странство со поддршка на интернационални фондови за таа намена. Во оваа смисла, со оглед на помалиот број запишани студенти, наставата во поголема мерка се одвива преку менторски консултации.

## 3. Визија, мисија и стратегија

**Визија**

- Високо респектирана научноистражувачка институција со позитивно евалуирани национални и меѓународни научноистражувачки проекти;
- Научно препознатлива во европскиот простор на знаење по презентацијата на истражувачките резултати, по своите меѓународни научни списанија, зборници, научни книги и по атрактивните магистерски и докторски студии;
- Афирмативна од аспект на истражувањата на културниот идентитет преку достојна презентација на македонската литература и култура и националниот статус;
- Поврзана со меѓународната академска заедница преку постојано проширување и јакнење на меѓународната соработка;
- Стабилна со обезбеден континуитет во научните истражувања по пат на непречено вработување и оспособување на млади истражувачки кадри.

**Мисија**

Институтот за македонска литература има своја мисија којашто претставува насока за развој на подолг период и е во сообразност со потребите на пошироката општествена заедница.

- Утврдување на научноистражувачки приоритети, сестрано проучување и афирмација на науката за книжевноста и културолошките студии, на македонската литература и култура кај нас и во светот;
- Непречена реализација на научноистражувачки проекти и примена на најновите научни сознанија;
- Континуирано унапредување на квалитетот на студиските програми за втор и трет циклус кои ќе ги подготват студентите за постојан професионален развој;
- Научно и стручно оспособување и усовршување на сопствените научни кадри и подготовка на млади кадри за научна работа, учество на релевантни меѓународни научни собири со цел презентација на научноистражувачките резултати;
- Објавување и публикување на резултатите од научните истражувања;
- Соработка со сродни научни и високообразовни установи во земјата и странство;
- Влијание и соработка со јавноста.

**Стратегија за остварување на мисијата**

Институтот за македонска литература ги следи развојните процеси на другите високообразовни и научни установи во земјата и во странство (Benchmarking). Со цел да се провери реализација на мисијата на крајот од секоја година се усвојува Извештај за работа и развој на установата. Последниве години се согледува отстапување од зацртаната мисија поради нефинансирање на национални проекти од страна на ресорното министерство. Оваа празнина се надополнува со изработени проекти поддржани од Министерство за култура, произлезени од потребите и резултатите на културолошките студии.

**Мерки за подобрување на квалитетот на установата.** Институтот се обидува да се прилагоди на новите барања на надворешната околина и да има ефикасна, но пред сè адекватна реакција во однос на нив. Така, поради неможност да се работи во рамките на матични/ институтски научноистражувачки проекти, дел од научниот кадар се вклучува во меѓународни проекти, проекти на МАНУ, при што сè има целосна поддршка од матичната установа. Вработените низ индивидуални научно-истражувачки и творечки активности ги реализираат и афирмираат и натаму сите витални сегменти од дејноста на институцијата: научно-истражувачка дејност преку учества во проекти на други национални и меѓународни институции, преку континуирана издавачката дејност и нејзина промоција, учества на студиски престои и на научни симпозиуми во странство, активна високообразовна дејност на полето на културолошките студии и

науката за книжевноста сообразени со европските и светските искуства (составен дел на годишни извештаи доставувани до МОН). Институтот за македонска литература е особено активен во однос на организирање научни симпозиуми, дебати и трибини на актуелни теми за кои се дебатира на европската научна и културна сцена: книжевни дислокации, културни идентитети, популарна култура, критика и молк, родови студии, културно наследство и сл. Нашата институција во соработката е поврзана со европскиот научно-истражувачки и високо-образовен простор со кој на најрелевантно ниво разменува научни и стручни искуства и ја афирмира македонистиката преку гостувања и предавања, дебати, партиципации во проекти, учества во редакции на меѓународни списанија. Особено отворени за соработка се трите меѓународни списанија на Институтот: *Спектар*, *Филолошки студии* и *Контекст* во кои соработуваат истакнати професори и соработници од земјава и странство, а списанијата се отворени и за постдипломци и докторанти. Институцијата е секогаш отворена да понуди кадар и ресурси на странски докторанти, како и литература и искуства на македонските лекторати во странство.

За унапредување на квалитетот на установата менаџментот ги користи следниве механизми:

- Постојано унапредување на знаењата на академскиот кадар и на вработените во Стручната и административна служба;
- Постојана грижа за остварување на дејностите на установата;
- Продлабочување на соработката и обезбедување поддршка од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Македонската академија на науките и уметностите за значајни научни проекти и собири.
- Активна улога во работата на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, во организирањето на Летната школа и Меѓународната научна конференција, како и во подобрувањето на состојбата на македонските лекторати во странство.
- Соработка со сродни факултети, пр. со филозофските факултети при Универзитетот во Риека и Универзитетот „Јосип Јурај Штросмаер“ во Осиек, Р Хрватска кои реализираат студиски програми од областа на културолошките студии. Во иднина, може да се развиваат заеднички програми што ќе водат до заеднички дипломи со други странски високообразовни установи со сродна профилација (Joint degree), што ќе придонесе за поефикасна промоција на студиите и поголема мобилност на студенти и наставен кадар.
- За унапредување и поголема дисперзивност на студиските програми постои можност настава по одделни предмети на вториот циклус студии да се изведува на англиски јазик.
- Обезбедување неопходни финансиски и материјални услови за квалитетна научноистражувачка и наставна дејност (оптимален простор и опрема, збогатување на библиотеката со квалитетна и специјализирана литература).

## 4. Надворешна соработка

Институтот, во контекст на својата мисија, остварува надворешна соработка со следниве сродни институции:

- Македонска академија на науките и уметностите
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
  и високообразовните и научните установи во неговиот состав:
- Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје
- Филозофски факултет – Скопје
- Факултет за драмски уметности - Скопје
- Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
- Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје
- Институт за национална историја
- Институт за старословенска култура
- Друштво на писателите на Македонија
- Државен архив на Република Македонија
- Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје
- Педагошкиот факултет и Центарот за научно истражување
  при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово
- Универзитетот за Аудиовизуелни Уметности
- Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип
- Филолошки факултет при Државниот универзитет во Тетово
- Кинотека на Македонија
- Здружение за компаративна книжевност на Македонија (ЗККМ)

Во соработката со Универзитетот посебно место заземаат активностите на Институтот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура – одржаните предавања на **Летната школа**, учеството на **меѓународната научна конференција** и активното учествува на директорот во работата на Советот на Семинарот.

Еден од основните сегменти во остварувањето на дејноста на Институтот за македонска литература во Скопје е **меѓународната соработка**, односно склучување на договори за соработка во областа на научните истражувања, со сродни институции во земјата и странство каде предмет на изучување и истражување е македонската литература и култура. Најзначајна форма преку која се реализира соработката се заедничките научноистражувачки проекти. Институтот за македонска литература во евалуираниот период склучи договори за научна соработка со следниве сродни научни и високообразовни установи во странство:

| Земја | Институција | Година на склучување Договор | Резултати |
|---|---|---|---|
| **Република Србија** | Институтот за уметност и книжевност во Белград | **2017** обновен Договорот од 2001 | **проект**, финансиран од Министерство за култура и **работилница** и **зборник на трудови** на тема *Македонскиот и српскиот роман на преминот на новиот милениум -споредбени аспекти* |
| **Република Турција** | Факултетот за литература при Истанбулскиот универзитет | **2018** | **проект**, финансиран од Министерство за култура, **симпозиум** и **зборник на трудови** на тема *Урбани културни идентитети – Скопје и Истанбул* |
| **Унгарија** | Катедрата за славистика на Институтот за славистика и балтичка филологија и Докторската школа за литература – Програма за словенски литератури при Универзитетот „Етвеш Лоранд“ во Будимпешта, Унгарија | **2019** | активностите се проектирани за период 2020 – 2024 |

**Табела 1 Договори за соработка со странски научни и високообразовни институции 2017-2019**

Во извештајниот период се реализираа активности, иницирани со договори склучени во претходните години:

- Проект *Македонско-хрватски проникнувања* (2017), Петти заеднички научен собир во Риека (6 и 7 октомври 2017) на тема македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски и објавен зборникот на научни трудови (2019) - Договор со Филозофскиот факултет при Универзитетот во Риека (2001)
- Проект *Culture in Transition Countries* (2017 – 2018) и објавен зборник на научни трудови (2018) - Договор со Филозофскиот факултет при Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра (2008)
- Проект *Етичките и аксиолошки аспекти во литературата и културата на 20 и 21. век/ Ethical and axiological aspects in the literature and culture of the 20th and 21st century,* Институт за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. С. Македонија и Факултет за уметности на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Трнава, Р. Словачка (2019-2021) тековен проект.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката дејност во периодот 2017 – 2019 година ја евалуиравме преку број на реализирани проекти, број на објавени публикации, остварени учества на научни собири и организирани научни собири.

Во рамките на истражувањата на меѓународно ниво, Институтот во извештајниот период работи на **шест (6) меѓународни научноистражувачки проекти**. Во евалуацискиот период во континуитет се одвиваше реализацијата на меѓународниот проект „Филолошки студии“ (2006) во соработка со партнерските високообразовни и научни установи: Филолошкиот факултет при Пермскиот државен универзитет во Перм, Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб, Хрватска (вклучен во 2008) и Институтот за книжевност во Белград, Србија (вклучени во 2014).

| Меѓународен проект | Носители | Период на реализација | Број на учесници од ИМЛ | Предмет на истражување | Резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| ФИЛОЛОШКИ СТУДИИ | Институт за македонска литература во соработка со Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје; Филолошки факултет при Пермскиот државен универзитет, Русија; Филозофски факултет при Универзитетот во Љубљана, Филозофски факултет при Универзитетот во Загреб, Институт за книжевност и уметност, Белград, Србија. | 2005 – | | презентација на културните вредности на земјите учеснички во повеќе дисциплини (литература, лингвистика, историја, филозофија, антропологија, социологија, театрологија и др.). | меѓународно електронско списание „Филолошки студии“ https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies/ |
| МАКЕДОНСКО-ХРВАТСКИ ПРОНИКНУВАЊА | Институт за македонска литература во соработка со Филозофскиот факултет при Универзитетот во Риека | 2017 – 2018 | | македонско-хрватските поврзувања низ повеќе аспекти - книжевност, медиуми, филм, драма, театрологија | Зборник на научни трудови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| CULTURE IN TRANSITION COUNTRIES | Институтот за македонска литература и Филозофскиот факултет при Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра, Словачка | 2017 – 2018 | **7** | културата во современите процеси на транзиција во земјите од Централна и од Југоисточна Европа преку истражувањата на македонски и словачки автори | Монографија |
| ETICKO-AXIOLOGICKÉ KONTEXTY V LITERATÚRE 20. A 21. STOROČIA / ETHICAL PROBLEMS IN LITERATURE IN 20 – 21. CENTURY / Етичко-аксиолошките контексти во литературата на 20 и 21 век / Главни истражувачи: д-р Маја Јакимовска-Тошиќ (Македонија) и д-р Ладислав Леновски / Ladislav Lenovský, Phd. (Словачка) | Институтот за македонска литература во Скопје и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Трнава, Словачка | 2019 – 2021 | **8** | книжевност, култура, етика | Монографија |
| УРБАНИ КУЛТУРНИ ИДЕНТИТЕТИ – СКОПЈЕ И ИСТАНБУЛ Главен истражувач: д-р Маја Јакимовска-Тошиќ | Институтот за македонска литература во Скопје и Факултетот за литература при Истанбулскиот универзитет | 2019 – 2020 | **6** | урбаниот концепт на градовите Скопје и Истанбул преку творештвото на македонски и турски автори | Зборник на научни трудови |
| МАКЕДОНСКИОТ И СРПСКИОТ РОМАН НА ПРЕМИНОТ НА НОВИОТ МИЛЕНИУМ - СПОРЕДБЕНИ АСПЕКТИ | Институтот за македонска литература во Скопје и Институтот за книжевност и уметност во Белград | 2019 – 2020 | **9** | македонското и српското современо книжевно творештво во последниве децении македонски и српски роман | Зборник на научни трудови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Главни истражувачи: д-р Јасмина Мојсиева-Гушева (Македонија) и проф. д-р Бојан Јовић (Србија) | | | | | |

**Табела 2 Меѓународни проекти ИМЛ 2017 – 2019**

Врз основа на претходно усвоени годишни извештаи за работа на установата, Комисијата констатира дека од 2011 година, веќе десет години МОН не распишува конкурси за финансирање годишни програми за научно-истражувачка дејност на јавните научни установи, иако тоа е обврска, утврдена со постојниот Закон за научно-истражувачката дејност. Поради оваа незавидна состојба со нефинансирање на националните проекти, постои извесен застој во планираните активности во овој домен. Во евалуацискиот период се реализираа **еден (1) национален научно-истражувачки проект**, финансиран од Министерството за култура и Градот Скопје.

| **Национален проект** | **Носители** | **Период на реализација** | **Број на учесници од ИМЛ** | **Област на истражување** | **Резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО СКОПЈЕ И СКОПСКО Главни истражувачи: д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, д-р Илија Велев | Институт за македонска литература со поддршка на Градот Скопје | 2019 – 2020 | 5 | заштита на културното наследство, музејска дејност, книжевна историја, културолошки студии | Зборник на научни трудови |

**Табела 3 Национален проект ИМЛ 2017 – 2019**

**Оцена, констатации и можни решенија за работа на национални проекти:** Се очекува поголема поддршка од МОН во поглед на финансирањето на националните проекти, особено во доменот на реализација на макропроекти, кои би овозможиле финализирање на истражувањата за развојните процеси на македонската литература и култура во 20. и 21. Век.  Националните проекти би требало да се осмислат врз поширока и интегрирана платформа на истражување, низ интердисциплинарно и интермедијално проследување, поврзувајќи ги блиските хуманистички научни дисциплини: историја, јазик, фолклор, кулурно наследство и сл. како и соодветните научни национални институции чијшто предмет на истражување се дадените области. Од друга страна, со цел за интензивирање на работата на истражувачки проекти, се предлага поттикнување на **тимот на ИМЛ да креира и реализира долгорочни домашни и меѓународни проекти** за чие остварување од финансиски аспект не е неопходно аплицирање на конкурсите на Минстерството за култура и МОН.

Институтскиот истражувачки тим постојано е отворен за соработка и подготвено прифаќа можности и предизвици кои доаѓаат од други средини, тековните истражувања се насочени кон импулсите што произлегуваат од меѓународната соработка и активно се користат можностите за вклучување во домашни и меѓународни проекти вон ИМЛ. Поголем број истражувачи е вклучен во домашните и меѓународните проекти на Македонската академија на науките и уметностите коишто ги раководи Одделението за книжевност, но станува збор и за многу други одделни проекти во кои континуирано партиципираат истражувачите на ИМЛ на домашната и меѓународната сцена – за што впрочем сведочат и нивните одделни монографски и други публикации во изминатиов период.

| **Меѓународен проект** | **Носител** | **Период на реализација** | **Број на учесници од ИМЛ** |
|---|---|---|---|
| POPULARNE CULTURE KAO POLITIČKE STRATEGIJE « JUGONOSTALGIJE » раководител Златко Крамариќ | "Univerziteta Josip Juraj Štrosmejer", Katedra za kulturologiju, Osijek | 2016-2017 | 2 |
| MEETING POINTS / Разлики што спојуваат | Forum ZFD (Forum Ziviler Friedensdienst) | 2017 | 1 |
| МАКЕДОНСКО-СРПСКИ КНИЖЕВНИ ВРСКИ | МАНУ и САНУ | 2017 | 1 |
| NATIONAL POETS AND CULTURAL SAINTS OF EUROPE Раководен од Marijan Dović | ZRC SAZU Institute of Slovenian Literature and Literary Studies in Ljubljana | 2014–2017 | 1 |
| IS1404 EVOLUTION OF READING IN THE AGE OF DIGITISATION (E-READ) главен истражувач: Dr. Anne Mangen | | 2014 – 2018 | 2 |
| IS1402 AGEISM - A MULTI-NATIONAL,INTERDISCIPLINARY PERSPECTIVE главен истражувач: Prof. Liat Ayalon | | 2014 – 2018 | 2 |
| ОБРАЗОВАНИЕТО, ДУХОВНАТА И МАТЕРИЈАЛНАТА КУЛТУРА ВО XVIII-XX ВЕК – ПРОЦЕСИ, ЛИЧНОСТИ, МОДЕЛИ Раководители акад. Блаже Ристовски (2017-2018) и акад. Драги Ѓоргиев (2019) | МАНУ, БАН | 2017 – 2020 | 1 |
| ОД РЕАЛИЗАМ ДО ГРОТЕСКА (во бугарската и во македонската книжевност по Втората светска војна) Раководители акад. Катица Ќулавкова (МАНУ) и проф. д-р Елка Трајкова (Институтот за литература при БАН) | МАНУ и БАН | 2019 – 2021 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| СМЕНА ПОЕТИЧКИХ ПАРАДИГМИ У СРПСКОЈ КЊИЖЕВНОСТИ 20 ВЕКА: НАЦИОНАЛНИ И ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ | Институт за књижевност и уметност, Белград | 2019 | 1 |

**Табела 4 Меѓународни проекти – истражувачи**

| Домашен проект | Носител | Период на реализација | Број на учесници од Институтот |
|---|---|---|---|
| ХЕРМЕНЕВТИЧКИ СТРАТЕГИИ | МАНУ | 2014 – 2017 | 2 |
| МАКЕДОНСКИ ИСКУШЕНИЈА (историски книги) | Министерство за култура | 2017 | 1 |
| ЕДИЦИЈА *PRO MACEDONIA* | НУБ „Св. Климент Охридски“, Скопје | 2019 | 1 |
| ПИСАТЕЛИ, КНИЖЕВНИ ПРЕВЕДУВАЧИ И ФИЛОЛОЗИ (ПРОУЧУВАЧИ НА ЈАЗИКОТ И НА КНИЖЕВНОСТА) | Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје | 2019 | 2 |

**Табела 5 Домашни проекти - истражувачи**

## Списанија

Институтот за македонска литература е издавач на три научни списанија со меѓународни уредувачки одбори. Списанието *Филолошки студии* се објавува во соработка со партнерските високообразовни и научни установи: Филолошкиот факултет при Пермскиот државен универзитет во Перм, Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб и Институтот за книжевност во Белград. Главниот и одговорен уредник на списанието е од Институтот за македонска литература.

| Списание | Квантитет | Области | Јазик | Видливост |
|---|---|---|---|---|
| *Спектар* излегува од 1983 | 76 броја два броја годишно | наука за книжевност, македонистика | македонски | http://iml.edu.mk/ https://spektar.edu.mk/sp CEEOL |
| *Context / Контекст* излегува од 1995 | 22 броја два броја годишно (од 2018) | компаративна книжевност, културолошки студии | македонски, англиски | http://iml.edu.mk/ CEEOL EBSCO |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Филолошки студии* / Philological Studies излегува од 2006 | 22 броја два броја годишно | славистика, хуманистички науки | македонски, руски, словенечки, хрватски, српски, англиски | http://iml.edu.mk/ https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies/ CEEOL https://www.ceeol.com/search/journal-detail?id=135 EBSCO HRČAK https://hrcak.srce.hr/filoloske-studije РИНЦ - Рускиот индекс на научно цитирање, MLA - Американската асоцијација за современ јазик. |

**Табела 6 Списанија на ИМЛ**

Периодичните публикации се отворен простор за размена на искуства и научно-истражувачки дијалог на домашната и меѓународната хуманистичка сцена. Најголем дел од авторите на научните трудови во списанијата *Спектар* и *Context/Контекст* се од Институтот за македонска литература. Сите три списанија се поставуваат на веб-страницата на ИМЛ и на CEEOL (Central and Eastern European Online Library / Централната и Источноевропската онлајн библиотека). Списанијата *Спектар* и *Филолошки студии* имаат свои посебни веб-страници, а *Контекст* и *Филолошки студии* се индексираат и во EBSCO, со оглед на тоа што содржат текстови и на англиски јазик. Списанието *Филолошки студии* е индексирано и во други електронски мрежи, а тоа е резултат на залагањето на главниот и одговорниот уредник и заедничкиот ангажман на петте соиздавачи.

**Оцена, констатации и предлози за развојот на институтските списанија:**
Потребни се натамошни иницијативи списанијата на Институтот да се индексираат и на други меѓународни мрежи со фактор на влијание.

## Наставен и соработнички кадар

Квалитетот на академскиот кадар се оценуваше според профилот и квалификациите на академскиот кадар, нивниот избор и унапредување согласно ЗНиД и актите на ИМЛ, застапеноста во изведувањето на наставата. Во моментов **11** професори се акредитирани ментори од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и ова го сметаме за голема предност на нашата установа.

Во однос на квалификуваноста на кадровскиот потенцијал и нивните компетенции со самоевалуацијата извршивме анализа на структурата на истражувачите.

| универзитетско звање | | академско звање | | | Пол | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | д-р | м-р | вк. | м. | ж. | вк. |
| редовен професор научен советник | постојани | 11 | | 11 | 4 | 7 | 11 |
| | ангажирани | | | | | | |
| вонреден професор виш научен соработник | постојани | 1 | | 1 | 1 | | 1 |
| | ангажирани | | | | | | |
| доцент научен соработник | постојани | 2 | | 2 | 2 | | 2 |
| | ангажирани | | | | | | |
| **вкупно наставни и научни кадри** | постојани | **14** | **0** | **14** | **7** | **7** | **14** |
| | ангажирани | | | | | | |
| асистент-истражувач | постојани | | | | | | |
| | ангажирани | | | | | | |
| **вкупно соработнички кадри** | **постојани** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | **ангажирани** | | | | | | |
| **Вкупно** | **постојани** | **14** | **0** | **14** | **7** | **7** | **14** |
| | **ангажирани** | | | | | | |

**Табела 7 Истражувачи**

Вкупниот број на научни работници со полно работно време е 14 научни истражувачи (заклучно со 2019), а во 2020 година еден (1) професор замина во пензија.

Наставните предмети на двата образовни циклуси се покриени претежно со наставници од Институтот. Така, соодносот на бројот на дисциплини во однос на бројот на наставници на вториот циклус е 32 предмети / 13 наставници, а на третиот циклус 23 предмети / 12 наставници (10 во работен однос и 2 пензионирани од ИМЛ).

Податоците за научноистражувачката и издавачката дејност покажуваат дека истражувачите имаат објавено научни монографии во издание на Институтот и други издавачи и се јавуваат како уредници на зборници и други изданија од областа на книжевноста.

| **Податоци** | **2017** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|
| број на монографии, објавени од научниот кадар во издание на Институтот | / | 5 | 2 |
| број на монографии, објавени од научниот кадар во издание на други издавачи | 5 | 5 | 1 |
| број на зборници, објавени од Институтот | 1 | 1 | 2 |
| број на трудови објавени во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации | 44 | 42 | 60 |
| број на трудови објавени во домашни научни списанија или домашни научни публикации | 17 | 47 | 34 |
| број на организирани меѓународни конференции | 2 | 1 | 3 |
| број на домашни организирани собири/чествувања | / | 5 | 3 |
| број на национални награди / признанија | 2 | 1 | 1 |
| број на меѓународни награди/признанија | / | / | |
| број на учества на меѓународни конференции | 32 | 35 | 42 |
| број на учества на домашни конференции | 8 | 43 | 19 |
| број на гостувања на странски предавачи | 2 | 3 | 1 |
| број на гостувања на предавачи од ИМЛ на странски универзитети | 3 | 2 | 2 |
| мобилност на наставниот кадар (број на наставници и соработници кои учествувале во програми за | 5 | 5 | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| мобилност – излезни и дојдовни) | | | |
| број на ментори на одбранети докторски дисетации | 6 | 3 | 6 |

**Табела 8 Научноистражувачката дејност – истражувачи**

Податоците за и мобилност на професорите во периодот 2017 – 2019 година се систематизирани во следниов преглед:

| Земја | Институција | Бр. на професори | Остварен студиски престој 2018-2020 |
|---|---|---|---|
| **Германија** | Уметничка програма на ДААД во **Берлин -** Германската служба за академска размена | 1 | **1 јуни 2017 31 мај 2018** |
| **Црна Гора** | Факултетот за црногорски јазик и книжевност во Цетиње | 2 | **30 март – 2 април 2017** |
| **Хрватска** | Филозофскиот факултет во **Загреб**, Отсек за јужнословенски јазици и книжевности со цел соработка и научно истражување | 1 | **23 – 25 април 2018** |
| | Филозофскиот факултет во **Загреб**, Отсек за јужнословенски јазици и книжевности со цел научно истражување | 1 | **4 – 14 декември 2018** |
| **Турција** | Филолошки факултет при Истанбулскиот универзитет во **Истанбул** со цел соработка со Факултетот, посета на Лекторатот за македонски јазик и литература, предавање пред студентите на Катедрата за словенски јазици и книжевности | 2 | **7 – 10 мај 2018** |
| **САД** | Македонски културен центар во **Њујорк**, со цел реализација на проект и презентација на македонската урбана култура | 1 | **19 – 30 август 2018** |
| **Франција** | INALCO (Institut National des Langues et Civilisations Orientales) при Универзитетот Сорбона во Париз учество на научна дебата и консултативни разговори за наставата со раководителката на Лекторатот по македонски јазик | 2 | **5 – 9 декември 2018** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Словенија** | Филозофски факултет при Универзитетот во **Љубљана** со цел соработка и научно истражување | 1 | **14 – 24 декември 2018** |
| | Факултетот за социолошки истражувања при Универзитетот во Љубљана, Отсек за културолошки студии со цел учество на тркалезна маса по повод 25 годишнината на Отсекот и одржување предавање пред студентите по културолошки студии | 1 | **15 – 17 октомври 2019** |
| **Бугарија** | истражување во Националната библиотека „Св. Кирил и Методиј“ во **Софија** | 1 | **4 – 6 април 2019** |
| | истражување на архивата и личната библиотека на Никола Вапцаров, Литературен Музеј, **Софија** | 1 | **26 – 29 септември 2019** |
| **Словачка** | Универзитет Константин Филозоф, **Нитра**, Словачка, предавање во рамките на International project “Improving the Quality in the Higher Education through Internationalization” (funded by the Ministry of Education of Slovakia) | 1 | **18 октомври 2019** |
| **Чешка** | Предавање и учество во научниот комитет на The International Conference of Cyril and Methodius Routh, **Велехрад** | 1 | **3 – 4 декември 2019** |

**Табела 9 Професори - мобилност**

Што се однесува до дојдовната мобилност, во овој период имавме гостување на **осум (8)** визитинг професори и истражувачи од странство.

- еден **(1)** професор од Филозофскиот факултет при Универзитетот „Константин Филозоф“ во **Нитра**, **Р Словачка** заради обраќање на промоцијата на заедничка македонско-словачка монографија **(**14 – 16 февруари 2019);
- двајца **(2)** професори од Факултетот за уметности при Универзитетот „Константин Филозоф“ во **Нитра**, **Р Словачка** со предавање (3 мај 2017);
- тројца **(3)** професори од Факултетот за уметности на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во **Трнава**, **Р Словачка** заради договор за заеднички научен проект (24 – 28 јуни 2018);
- двајца **(2)** професори од Факултетот за црногорски јазик и книжевност во **Цетиње, Црна Гора** (17 мај 2018).

Исто така во комисиите за одбрана како надворешни членови беа поканети професори од други универзитети од земјата и странство.

# 5. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## Студиски и предметни програми

Институтот за македонска литература, како придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ остварува наставно-образовна дејност на вториот и третиот циклус студии.

**Втор циклус студии**

На вториот циклус, почнувајќи од академската 2008/2009 година, активна е студиската програма **Културолошки студии (во книжевноста)** – едногодишни и двегодишни студии. Културолошките студии претставуваат интердисциплинарна научна област во рамките на подрачјето на хуманистичките и општествените науки. Тие се одликуваат со сеопфатност и критички дух, но и со специфични методолошки перспективи кои добиваат поттик од развојот на сознанијата во науката за литературата, социологијата, културната антропологија, уметностите, комуникологијата, критичката теорија, родовите студии итн. Затоа, овие студии се привлечни за студентите кои сакаат да остварат индивидуализиран образовен профил и своето идно работно место да го најдат во граѓанскиот сектор, во специјализираните сектори на државната администрација и стручните структури во единиците на локалната самоуправа, културниот сегмент на дипломатијата, медиумите, односно во сите институции кои се вклучени во културниот живот на заедницата, како негови креатори или спроведувачи. Фактот дека дејностите сѐ повеќе се преплетуваат, (на пример: издаваштвото, музејската, архивистичката или библиотечната дејност), ја наложува потребата од следење на дострелите на повеќе дисциплини и способност за нивно критичко промислување. Оттука, интердисциплинарноста, која доаѓа до израз преку поврзување на книжевноста со културната меморија, со историјата, како и со другите уметности: театарот, филмот, интернетот, масовната култура итн. е посебна придобивка на овие студии.

**Цели на студиската програма**: продлабочување на сознанијата кај студентите, пречекорување на границите на традиционалните подрачја и практикување научноистражувачки и интердисциплинарен приод во проучување на наставните содржини од подрачјето на хуманистичките и општествените науки. Програмата е првенствено насочена кон студентот и поседува јасни и прецизни цели за постигнување на што подобри резултати од учењето, за стекнување на потребните знаења и разбирања и нивна примена, способност за проценка, комуникациски вештини и вештини на учење, кои се составен дел на дескрипторите на квалификацијата за оваа студиска програма.

Преку изборот на предметите се овозможува самиот студент да учествува во креирањето на програмата и изградбата на профилот според сопствените афинитети. Предметите овозможуваат мултидисциплинарно проучување на одделните феномени или одделни сегменти на културата – книжевност, филм, театар, музика, итн. и на тој начин се целосно соодветни на дипломата м-р/д-р по културолошки студии.

**Соодноси на наставните предмети и часови**

На студиската програма на вториот циклус предвидени се два/четири семестри во зависност од должината на претходно оформеното додипломско образование. Последниот семестар е предвиден за изработка на магистерскиот труд. Соодносот помеѓу **вкупниот број задолжителни и изборни предмети** е во согласност со позитивните законски прописи. Студиската програма содржи 6 задолжителни предмети, 26 изборни предмети, од кои 12 се застапени на слободната универзитетска листа. Понудениот број на изборни предмети претставува дополнителна можност за стекнување продлабочени знаења и вештини од областите за кои секој студент има афинитет. Аналогно на соодносот на предметите е направен и соодносот помеѓу **вкупниот фонд на часови** кај задолжителните и изборните предмети, односно 24/18, што соодвествува на расположливото време за учење.

| ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ | едногодишни | двегодишни |
|---|---|---|
| **Број на задолжителни предмети** | **2** | **6** |
| **Процент на задолжителни предмети** | **40%** | **43%** |
| **Број на изборни предмети (група 1)**<br>(изборни наставни предмети коишто студентите самостојно ги избираат од редот на сите наставни предмети застапени на Институтот) | **2** | **6** |
| **Процент на изборни предмети – група 1** | **40%** | **43%** |
| **Број на изборни предмети (група 2)**<br>(изборни наставни предмети коишто студентите самостојно ги избираат од листата на слободни изборни предмети, предложена од секоја единица на универзитетот посебно) | **1** | **2** |
| **Процент на изборни предмети – група 2** | **20%** | **14%** |
| **Вкупно предмети** | **5** | **14** |
| Стручен труд | **1** | **1** |
| Магистерски труд | **1** | **1** |

**Табела 10 Утврден соднос помеѓу задолжителните и изборните предмети на едногодишните студии**

**Трет циклус – докторски студии**

Студиските програми на третиот циклус преставуваат интегриран дел од високообразовната дејност на УКИМ и како такви се организираат и реализираат во рамките на Школата за докторски студии при УКИМ почнувајќи од учебната 2011/2012 година.

Институтот има две акредитирани студиски програми: **културолошки студии**, која е активна и се реализира самостојно од Институтот и **македонистика**, која преку потпрограми се реализира во соработка со Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Кај студиска програма **културолошки студии**, со оглед на тоа што се работи за највисок циклус на високо образование, посебен акцент е ставен врз независните методи на работа, врз критичката проценка и способноста за самостојно развивање на критичката мисла. По успешната одбрана на докторската дисертација, кандидатот се стекнува со научен степен **д-р по културолошки студии**. По завршувањето на програмата студентите се оспособени:

- самостојно да ги идентификуваат, да ги анализираат и да дискутираат за клучните проблеми и истражувања од областа на културолошките студии;
- теоретски да го концептуализираат и емпириски да го демонстрираат соодносот помеѓу културолошките парадигми и интеркултурната комуникација,
- да ги синтетизираат соодветните области на знаења во логична целина;
- самостојно да идентификуваат, да планираат и да спроведуваат истражувачки задачи од областа на културните процеси во одредена временска рамка;
- да применуваат знаење во истражувачките постапки и методи во областа на културолошките студии;
- да ги презентираат (усно и писмено) резулатите од своите истражувања пред различен аудиториум во национален и меѓународен контекст;
- научно да ги верификуваат и да ги вреднуваат информациите од различни извори.

Во рамките на студиската програма **македонистика** Институтот ја реализира потпрограмата **македонска книжевност**. Науката за книжевноста, како научна поле, ја опфаќа историјата на книжевноста, теоријата на книжевноста и книжевната критика. Поаѓајќи од ставот дека ни една национална литература не може да биде систематски проучувана и толкувана ако во себе не ги содржи сите три сегменти, оваа студиска програма, на феноменот книжевност му приоѓа од историски, од теоретски и од критички аспект. Имплементирајќи ги актуелните книжевни теории во проучувањето на одделни процеси, појави, автори и дела од сите периоди на развојот на македонската книжевност, програмата за докторски студии по македонистика нуди содржини, соодветни на европскиот простор на високото образование во оваа област. Понудената програма од страна на ИМЛ има за цел да им овозможи на студентите не само длабинско проучување на македонската литература туку и нејзино културолошко односно филозофско, идеолошко, религиско, интермедијално, интертекстуално проследување. По успешната одбрана на докторската

дисертација, кандидатот се стекнува со научен степен **д-р по наука за книжевност**.

Тука, со жалење ќе констатираме дека единствено од многубројните успешни мисии на Институтот оваа мисија не ги донесе очекуваните резултати. Причината за ваквата состојба ја согледуваме во тоа што студентите кои ги избираат докторските студии при нашиот Институт повеќе се мотивирани во изборот на предметите од интердисциплинарната студиската програма Културолошки студии.

**Општи карактеристики на студиските програми**. Во двата циклуси постојат залагања за нивно постојано усовршување и иновирање, за користење на позитивните искуства од реномираните странски универзитети, како и за вградување на сопствените искуства од изминатиов период. **Меѓународната димензија на студиските програми** се огледа во мобилноста на нашите студенти, упис на студенти од странски средини, отвореност на установата за истражувачки престои на студенти и академски кадар од странство, избор на странски специјалист за член во комисиите за одбрана на докторска дисертација и сл.

Застапените форми на наставни активности и методи на учење: предавања, вежби, мултимедијална презентација, дискусии, тимска работа и другите форми на активности – проектни задачи, семинарски работи, стручни трудови и сл. **целосно ги задоволуваат целите на предметните програми**.

На веб-страницата на Институтот за секој задолжителен и изборен предмет има податоци за предметните професори, цели и содржина на предметот и наведена е **основната и дополнителната литература** согласно нормативните акти за високото образование.

Контактите со студентите не престануваат со нивното магистрирање / докторирање. Институтот се грижи за нивното понатамошно стручно усовршување преку можностите за учество научни собири и други настани во организација на Институтот, објавување труд во институтските списанија и сл.

**Студенти**

Почнувајќи од академската 2008/09 година Институтот за македонска литература изведува настава на две студиски програми на вториот циклус студии. Во извештајниот период (2017 – 2019) се запишале **19** студенти на вториот циклус студии и заклучно со учебната 2019/20 година вкупниот број е **201** запишан студент.

| Број на запишани студенти на втор циклус | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Студии | До учебна 2015/16 | учебна 2016/17 | учебна 2017/18 | учебна 2018/19 | учебна 2019/20 20 | Вкупно |
| **едногодишни предвидена квота 60** | **167** | **3** | **3** | **4** | **6** | **180** |
| **двегодишни предвидена квота 60** | **15** | **1** | **1** | **1** | **/** | **18** |
| **Вкупно** | **182** | **4** | **4** | **5** | **6** | **201** |

**Табела 11 Студенти втор циклус - запишани**

Што се однесува до бројот на новозапишани студенти во втор циклус на студирање во последните пет години евидентно е извесно намалување. Овој тренд е очекуван по прввичниот голем интерес за студиските програми по културолошки студии како новина на македонскиот образовниот пазар, а сметаме дека тој првенствено се должи на неколку фактори, меѓу кои ги издвојуваме општата економска состојба на државата и зголемениот тренд на иселување на младите, како и зголемениот број на новоотворени универзитети, факултети и акредитирани студиски програми. Мотивирањето за упис на поголем број студенти го бараме во отворање на нови работни места како во научните институции, така и во институциите од областа на културата во кои ќе бидат валоризирѐни нивните дипломи и специјалности.

Во извештајниот период магистрираа **28** кандидати и заклучно со 2019 година, вкупниот број е **127 магистри** на науки.

| Студии | До 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **2 семестри** | **93** | **14** | **7** | **6** | **120** |
| **4 семестри** | **6** | **1** | **/** | **/** | **7** |
| **Вкупно** | **99** | **15** | **7** | **6** | **127** |

**Табела 12 Студенти втор циклус - магистрирани**

Должината на просечното време за студирање на вториот циклус студии, на едногодишните студии, изнесува 3 години, од кои 1,5 година за положување на испитите и 1,5 година за изработка на магистерскиот труд. Двојно повеќе е просечното време за студирање на двегодишните магистерски студии.

Кај последниве генерации запишани студенти се забележува пролонгирање на обврските со:

- ставање на студиите во мирување;
- заостанати испити (пр. од тројца студенти запишани во 2016/17 двајца имаат положено само по 1/2 испити);
- поминување на повеќе време од последниот испит до пријавување на магистерскиот труд.

| Број на дипломирани студенти (магистри) од запишаните во генерација по учебни години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2016/17** | **2017/18** | **2018/19** | **2019/20** | **Вкупно** |
| **Запишани на едногодишни студии** | **3** | **3** | **4** | **6** | **16** |
| **магистрирани во предвид. рок** | **0** | **1** | **1** | **/** | **2** |
| **Запишани на двегодишни студии** | **1** | **1** | **1** | **/** | **3** |
| **магистрирани во предвид. рок** | | | | | |

**Табела 13 Студенти втор циклус – сооднос запишани / магистрирани**

**Оцена и предлози за подобрување**

Мотивација за помасовен упис гледаме во можноста за стипендирање на студентите, како и во отворање можности за нивно учество во проекти од областите на културолошките студии и македонската литература во рамките на Институтот, коишто би се финасирале од страна на ресорните министерства и релавантни институции.

Почнувајќи од академската 2011/12, Институтот е акредитиран за две студиски програми на **третиот циклус** студии – Културолошки студии и Македонистика, од кои активна е само првата програма. Во извештајниот период (2017 – 2019) се запишале **17** студенти на третиот циклус и заклучно со учебната 2019/20 година вкупниот број е **38** запишани студенти. Наспроти вториот циклус, сведочиме за извесен пораст на бројот на запишани студенти на трет циклус студии на Институтот за македонска литература. Нагорната линија на интересот за докторски културолошки студии, кои се интегрирани во докторските студии на УКИМ и се реализираат од Школата за докторските студии на УКИМ се должи на атрактивноста и интердисциплинарноста на студиската програма и интересот за запишување на кандидатите од регионот (Хрватска, Србија, Црна Гора, Косово). Заклучно со 2019/20 се запишани **8** странски студенти.

| Број на запишани студенти на трет циклус | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Студии | До учебна 2015/16 | учебна 2016/17 | учебна 2017/18 | учебна 2018/2019 | учебна 2019/2020 | Вкупно |
| 6 семестри предвидена квота 36 | 21 | 2 | 2 | 7 | 6 | 38 |

**Табела 14 Студенти трет циклус - запишани**

Во извештајниот период докторираа **15** кандидати и заклучно со 2019 година, вкупниот број е **17 доктори** на науки.

| Студии | До 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Со завршен трет циклус | 2 | 3 | 2 | 4 | 11 |
| Со одбранета докторска дисертација | / | 3 | 1 | 2 | 6 |
| Вкупно | 2 | 6 | 3 | 6 | 17 |

**Табела 15 Студенти трет циклус - докторирани**

Законски определениот период за студирање на третиот циклус студии изнесува шест (6) години, но има кандидати кои докторирале во период од три / четири години.

| Број на дипломирани студенти (доктори) од запишаните во генерација по учебни години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Студии | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | Вкупно |
| запишани | 2 | 2 | 7 | 6 | 17 |
| докторирани во предвид. рок | 1 | | | | |

**Табела 16 Студенти трет циклус – сооднос запишани / докторирани**

Одредени успешни трудови на студентите се публикуваат во трите различно профилирани научни списанија на Институтот (*Спектар*, *Context/Контекст* и *Филолошки студии*). Студентите имаат можност да учествуваат и на научни собири и конференции во организација на Институтот.

Студентите согласно актите на Универзитетот и на Институтот, со по двајца свои претставници се вклучени во работата на Наставно-научниот колегиум за вториот циклус студии и во работата на Комисијата за самоевалуација.

**Мобилност на студентите**

**Втор циклус студии.** Во учебната 2019/20 година, една студентка оствари студентска мобилност во рамките на CEEPUS програмата (едносеместрален студиски престој) на Филозофскиот факултет при Универзитетот во **Љубљана**, **Р Словенија** студиска програма Компаративна книжевност и литературна теорија (**18.2 – 18.7.2020)**.

**Трет циклус – докторски студии**

Остварени се два студиски престои на студентки од странски универзитети – од Универзитетот „Неофит Рилски“ во **Благоевград, Р Бугарија** (11 февруари – 12 април 2019) и од Јагелонскиот универзитет во **Краков, Р Полска** (25 октомври 2019 – 25 септември 2020) под менторство на професор од студиската програма културолошки студии. Целта на овие студиски истражувања на странските докторанди беше прибирање и архивирање на изворна граѓа и теренско истражување за изработка на нивните завршни трудови.

Програмата на третиот циклус – докторски студии е конципирана на тој начин што како обврска е предвиден еднонеделен студиски престој на научна или високообразовна установа во странство. Овој студиски престој е во функција на изработка на пријавената докторска дисертација и како позитивна практика ќе продолжи да се применува и за идните запишани студенти, особено што сега претставува и обврска со Правилникот на УКИМ. Во извештајниот период, **пет (5)** студенти на докторските студии имаат остварено студиски истражувања во следниве земји:

| Земја | Институција | Бр. на студенти | Остварен студиски престој 2018-2020 |
|---|---|---|---|
| **САД** | Универзитет во **Далас** | 1 | **2018 –** |
| **Турција** | Филолошки факултет при Истанбулскиот универзитет во **Истанбул**, Лекторат за македонски јазик и литература, Катедра за словенски јазици и книжевности | 1 | **2018 –** |
| **Србија** | Филозофскиот факултет при Универзитетот во **Ниш** | 1 | **6 – 13 октомври 2018** |
| | Универзитетска библиотека „Светозар Марковиќ“ во **Белград** Онлајн консултации | 1 | **октомври – ноември 2020** |
| **Хрватска** | Академијата за ликовни уметности и Музејот на современа уметност во **Загреб** | 1 | **1 – 12 октомври 2019** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Бугарија** | Факултет за журналистика и масовна комуникација при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во **Софија** | 1 | **11 – 14 ноември 2019** |
| **БиХ** | Бошњачки институт, **Сараево** | 1 | **15-23 март 2018** |

**Табела 17 Студенти трет циклус - мобилност**

**Оценка од студентите**

За објективно оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес студентите пополнуваат периодични студентски анкети. Целта на овие анкети е собирање на мислења и ставови за квалитетот на наставата, нејзино следење и преземање корективни мерки за континуирано подобрување. Притоа се евалуираат предметите и предавачите, односно квалитетот на наставната работа, квалитетот и актуелноста на наставните содржини, интеракцијата меѓу студентите и наставниот кадар, примената на современите помагала во наставата и сл.

Анкетниот прашалник е унифициран во рамките на УКИМ и анкетирањето се спроведува од почеток на февруарската испитна сесија и трае сѐ до завршувањето на септемвриската испитна сесија. Резултатите од анкетата за учебните години 2016/17, 2017/18, 2018/19 и 2019/20 покажаа високи оценки за секој од застапените предмети, а во коментар беше истакнувана подготвеноста и достапноста на наставниците за консултации, интересните предавања и сл.

Како општ се наметна заклучокот дека од страна на студентните образовниот процес и наставниците се високо оценети, задачите што се поставуваат пред студентите се доминантно појмени како соодветни, но како исклучок се сретнува и ставот дека се тие големи односно многу големи, а присутна е и една забелешка во однос на потребата од достапност на материјал за учење. Иако станува збор за потешкотии што се спомнуваат како исклучок, Комисијата се заседе за подобрување на состојбата со достапност на материјали, информирање на студентите за сајтови каде што е достапна поширока стручна литература исто така, како и разгледување на можности за пристап кон други универзитетски е-библиотеки.

Во прилог Извештајот за оценката на студентите за наставниот процес на вториот и третиот циклус студии на ИМЛ

**Соодност помеѓу образованието и истражувањето**

Истражувачките процеси и резултатите од нив, во најголема мера презентирани и објавени во специјализирани авторски монографии, на најоодветен начин се имплементирани и фундирани во наставните содржини на студиските програми од втор и трет циклус. Во истата насока, при секоја реакредитација на програмите се настојува да се вградат актуелните научни достигнувања во светот од областа на културолошките студии.

Студиската програма културолошки студии, на двата циклуси, покрај стекнување специјализирани знаења, им овозможува на студентите да се оспособат за самостојна научна истражувачка работа.

## 6. Логистика

Административната поддршка на научноистражувачката дејност и наставата ја обезбедуваат тројца вработени во Стручната и административната служба на Институтот. Тие, всушност обезбедуваат правна, сметководствена и библиотечна поддршка. Тие се одговорни за оформување на целокупната документација на студиите, водат евиденција и ги обезбедуваат редовните услуги на студентите, како и услугите во библиотеките (издавањето книги; анкетирањето на студентите, набавка на литература; редовното информирање на студентите и наставниците за пристигнатите книги, итн.).

Запишувањето на семестрите, пријавувањето на испитите и добивањето на информации поврзани со студирањето се одвива преку службата за студентски прашања. Преку **студентскиот информационен систем на Универзитетот – iKnow** (https://www.iknow.ukim.edu.mk/), се овозможува електронски упис, електронско водење на студентските досиеа, полесен пристап до информации во врска со испитите и обврските кон Институтот, што придонесе и за осовременување на службата за студентски прашања.

| **степен на образование на вработените во Стручната и административната служба** | **Пол** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| магистратура | Машки | |
| | Женски | 2 |
| високо образование | Машки | |
| | Женски | 1 |
| **Вкупно** | | **3** |

**Табела 18 Стручната и административната служба**

## 7. Финансирање

Институтот за македонска литература се финансира од Буџетот на Република С Македонија, потоа преку склучени договори со Министерството за култура за учество во финансирањето на проекти и од партиципација на студентите на вториот и третиот циклус студии.

- Уделот на средствата од буџетот во вкупните средства изнесува 74%
- Уделот на студентската партиципација во вкупните средства изнесува 14%

Цената на чинење на студиите за студент по година изнесува:

- Едногодишни студии од втор циклус 1400 евра
- Двегодишни студии од втор циклус 1900 евра (школарина, подготовка и одбрана на магистерски труд)
- 200 денари за пријавување на испит
- Студии од трет циклус 4500 евра

На вториот циклус студии утврден е и Ценовник за висината на надоместоците за одредени услуги како издавање на диплома и додаток на диплома (согласно актите на УКИМ), продолжување на рок за одбрана на магистерски труд, промена на тема на магистерски труд, промена на избран предмет и сл., со кои студентите се запознаваат при запишувањето.

## 8. Просторни и материјални услови (ресурси)

Просторната организација на Институтот овозможува непречено паралелно одвивање на наставата и на научноистражувачкиот процес. При изведувањето на наставата се користат просториите (третиот кат од зградата на ул. „Григор Прличев“ 5 со вкупна квадратура од 500 м2) и амфитеатар со 120 места (70 м2). Во рамките на овој простор има две (2) предавални (50м2 и 30 м2), компјутерска училница (23м2), 15 кабинети на наставниците (секој по 16м2) и библиотека. Институтот располага со соодветна опрема (постојана интернет конекција, компјутерска опрема, фотокопири, скенери, микрочитач и др.) и овозможува презентација на наставните содржини со современи технички средства (ЛЦД проектори, ЛЦД телевизор, ДВД и сл.).

Институтот располага со **сопствена библиотека** со богат библиотечен фонд од научни книги, научни списанија, научна документација и сопствени изданија (околу 7.500). На предлог на научноистражувачките одделенија библиотеката редовно се збогатува со релевантна домашна и странска научна литература од научните подрачја застапени со наставниот план и наставните програми на студиумот. Книгите и учебните помагала кои се користат во наставата, како и целокупниот библиотечен фонд им се целосно достапни на студентите.

Институтот има релативно добри техничко-информатички услови за работа – кабинетите, библиотеката и другите простории се поврзани со интернет приклучок и има компјутери на располагање на студентите. Веб-страницата на Институтот (http://iml.edu.mk/) постојано се дополнува со нови информации кои им се потребни на студентите и кое се од значење за пошироката научна јавност. Новина е што наскоро ќе биде достапна и во англиска верзија.

| | интернет приклучок | Број |
|---|---|---|
| | мрежни интернет-приклучоци | **30** |
| **број на интернет приклучоци** | а) студенти | 10 |
| | б) академски кадар | 13 |
| | в) администрација | 3 |
| | г) библиотека | 2 |
| | д) сала за седници | 2 |

**Табела 19 Интернет приклучоци**

| карактеристики на библиотечниот фонд | Број |
|---|---|
| литература од областа на студиските програми (книги, прирачници, скрипти, речници) во печатена и во електронска форма | 1350 |
| број на библиотечни единици набавени во периодот 2017 – 2020 година | 418 |
| а) домашни | 105 |
| б) странски | 313 |
| број на списанија набавени во периодот 2017 – 2020 година (во печатена и во електронска форма) | 40 |
| а) домашни | 20 |
| б) странски | 20 |
| број на персонални компјутери во библиотеката | 2 |
| број на печатачи во библиотеката | 1 |
| број на интернет-врски во библиотеката | 2 |
| апарати за фотокопирање во библиотеката | 1 |
| Скенер | 1 |

**Табела 20 Библиотечен фонд**

| вид на опрема | а) за наставно-научниот кадар | б) за администра-тивниот кадар | в) за студентите |
|---|---|---|---|
| Компјутери | 13 | 3 | 10 |
| лаптопи | 11 | 2 | 2 |
| интернет-приклучоци | 13 | 3 | 14 |
| ЛЦД-проектори | | | 1 |
| Скенери | | 1 | 1 |
| Печатачи | 5 | 1 | 2 |

**Табела 21 Информатичка опрема**

| вид на дидактички простор | Број | површина во $м^2$ |
|---|---|---|
| Објект | 1 | 500 |
| Амфитеатар | 1 | 70 |
| предавална со современа аудиовизуелна опрема (проектор, платно, ЛЦД телевизор | 1 | 60 |
| Предавална | 1 | 30 |
| компјутерска училница | 1 | 10 |
| кабинети за наставно-научниот кадар | 16 | 256 |

**Табела 22 (просторна организираност на наставата)**

**Заклучок**

Извештајот за самоевалуација врз основа на објективна проценка имаше за основна цел да оствари увид во состојбите и да го подобри квалитетот на научноистражувачката и наставната дејност на Институтот за македонска литература. Покажувајќи ги позитивните страни и присутните недостатоци се утврдија следниве предлози за подобрување во форма на корективни **мерки за подобрување на квалитетот**:

- создавање услови за работа на научноистражувачки проекти;
- создавање претпоставки и изградување механизми за организирано вработување млади научни кадри кои имаат афинитети за истражувања;
- создавање можности за стручно и научно усовршување во земјата и во странство;
- стимулирање на учеството на визитинг-професори во реализирањето на наставата;
- учество на наши еминентни кадри во универзитетските средини во Европа и во светот;
- поттикнување помасовен упис на студенти од земјата и од странски средини.

Во преден план се залагањата и очекувањата за работа на долгорочни национални научноистражувачки проекти и вработување на млади научни кадри со што ќе се овозможат подетални истражувања за развојните процеси на македонската литература и култура.

Општ заклучок на Комисијата е дека намалениот број на запишани студенти особено во вториот студиски циклус влијае и на квалитетот на севкупниот образовен процес со оглед на тоа што резултира со доминантно изведувана настава во форма на консултации, а не и на предавања. Предавањата и групната партиципација на студентите се покажуваат како далеку помотивирачки за студентите од вториот студиски циклус коишто се на прагот на самостојната истражувачка работа и во групните дискусии добиваат бројни и разновидни импулси за натамошно истражување и развивање на своите интереси.

Последната пандемска година кај дел од студентите од вториот циклус исто така влијаеше во извесна смисла демотивирачки. Оттаму се наметнува заклучокот дека се нужни подобрувања во насока на зголемување на интересот за упис на поголем број студенти, а врз основа на веќе наведените можни насоки за постигнување на оваа цел. Од друга страна, консултативните и менторски водени инструкции се покажуваат поволни за студентите од третиот студиски циклус, на коишто им е потребно далеку поиндивидуализирано внимание од страна на професорите во функција на нивното самостојно докторантско истражување. Но и на овие студенти би им била од особена полза можноста истовремено да можат да бидат вклучени во матични истражувачки проекти на Институтот, при коишто, од една страна, и самите би можеле да стекнуваат практични знаења и искуства, а од друга страна, тоа би овозможило процесот на нивно обучување да биде продуктивно канализиран во функција на макро-истражувања што воедно би претставувало и витална обука во насока на усогласување на нивните истражувачки интереси во рамките на тимската работа.

**Комисија за самоевалуација**

д-р Наташа Аврамовска, ред. професор / научен советник,
претседател, с.р.

д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, ред. професор / научен советник,
член, с.р.

д-р Валентина Миронска-Христовска, ред. професор / научен
советник, член, с.р.

д-р Гоце Смилевски, вонред. професор / виш научен соработник,
член, с.р.

д-р Славчо Ковилоски, доцент / научен соработник, член, с.р.

м-р Крсте Господиновски, студент, с.р.

Маја Лазарова, студент, с.р.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОЦЕНКАТА НА СТУДЕНТИТЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС НА ВТОРИОТ И ТРЕТИОТ ЦИКЛУС СТУДИИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ЗА АКАДЕМСКАТА 2016/17; 2017/18; 2018/19, 2019/20 ГОДИНА

Комисијата за евалуација врз основа на разгледаните анкетни листови изготви извештај за резултатите од евалуацијата со позитивна оценка на состојбата и со предлози за надминување на констатираните мали слабости во унапредување на дејноста.

**Број на анкетирани студенти на втор циклус студии по академски години**

Број на студенти во академската 2016/17: 4 студенти (од запишаните 4 студенти, 1 студент е неактивен)

Број на студенти во академската 2017/18: 4 студенти (од запишаните 4 студенти, 3 се неактивни студенти)

Број на студенти во академската 2018/19: 5 студенти (од запишани 5 студенти, 1 студент е неактивен)

Број на студенти во академската 2019/20: 6 студенти

*Во анкетата учествувале 14 активни студенти

**Број на анкетирани студенти на трет циклус студии по академски години**

Број на студенти во академската 2016/17: 2 студенти

Број на студенти во академската 2017/18: 2 студенти (2 студенти се неактивни)

Број на студенти во академската 2018/19: 7 студенти

Број на студенти во академската 2019/20: 6 студенти

Анкетата е спроведена во периодот од  почетокот на јануарската испитна сесија (јануари 2016) сè до завршувањето на септемвриската сесија (септември 2020). Цел на оваа анкета беше собирање на мислења и ставови на студентите за квалитетот на наставниот процес на магистерските и докторските студиски програми.

Сите пополнети анкетни листови се обработени и имплементирани во подготвувањето на овој извештај.

**Анкетниот лист е составен од следните прашања:**

1. Подготвеност за предавањата
2. Квалитет на изведувањето на наставата
3. Редовност на часовите и рационално искористување на времето
4. Достапност за консултации и комуникација
5. Однос кон студентот
6. Обезбеденост на соодветен материјал за учење и полагање на предметот

7. Објективност при оценувањето и начин на реализирање на испитот
8. Општа оценка за наставникот и предметната содржина
9. Барања што се поставуваат пред студентите (домашни задачи, семинарски трудови, есеи, тестови и друго) и тежина на испитот
10. Моето присуство на часовите наставата беше

Врз основа на овие прашања студентите го искажаа својот став и ја оценија студиската програма на која се запишани, го оценија квалитетот на наставата и работата на наставниците и дадоа забелешки, сугестии и коментари за подобрување на квалитетот на наставата.

Анкетата ги опфаќа активните студенти на втор и трет циклус студии. Анкетниот лист студентите го добиваат по завршувањето на испитот. Во извештајот податоците се добиени од табела (во прилог) во која по учебни години (2016/17, 2017/18, 2018/19 и 2019/20) е прикажан бројот на студенти кои го одбрале предметот и бројот студенти кои одговориле на анкетата. Сумираните резултати од реализираната анкета се дадени во продолжение на извештајот.

**Табела Анкета втор циклус**

| Предмет | Учебна година 2016/17 | | Учебна година 2017/18 | | Учебна година 2018/19 | | Учебна година 2019/20 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. на студенти на предметот | Бр. на анкетни листови | Бр. на студенти на предметот | Бр. на анкетни листови | Бр. на студенти на предметот | Бр. на анкетни листови | Бр. на студенти на предметот | Бр. на анкетни листови |
| Вовед во културолошките студии | 2 | / | 1 | 1 | 4 | 2 | | |
| Теми и методи во културолошките студии | 1 | / | | | 2 | 1 | 2 | 1 |
| Византолошко-културолошки студии | 2 | / | | | | | 1 | / |
| Културни идентитети на Балканот | | | | | | | 1 | 1 |
| Европски културолошки контекст | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 4 | 1 |
| Народна култура | 3 | 2 | | | 1 | 1 | 1 | / |
| Македонски празници | 2 | 1 | | | | | | |
| Кирилометоди-евистика | 2 | 1 | | | 1 | / | 1 | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Библијата во културната традиција | | | | | 1 | 1 | | |
| Културно наследство | | | | | 1 | / | 1 | / |
| Просветителство и културата | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 |
| Сексуалноста и културата | | | | | 1 | 1 | 1 | / |
| Имагологија | 1 | 1 | | | | | | |
| Културна меморија | | | | | 1 | / | | |
| Родот и културата | 1 | / | 1 | 1 | 2 | 1 | | |
| Културата и глобализацијата | | | 1 | 1 | | | | |
| Интеркултурна комуникација | | | | | 2 | 1 | | |
| Елитна и масовна култура | 1 | 1 | | | | | | |
| Современа литература и интернет | 1 | / | 1 | 1 | | | 2 | / |
| „Јас“ во културата: феноменот автобиографија | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | |
| Едноставните облици на литературата и културата | | | | | | | 2 | 2 |
| Медиуми: теорија и пракса | | | | | | | | |
| Историја и теорија на театарот | | | | | | | 2 | / |
| Толкување на имагинарното | | | | | | | 2 | 1 |
| Магичен реализам | | | | | | | 1 | / |
| Естетиката на културолошките студии | 1 | / | | | | | | |
| Патопис | | | | | | | 1 | / |
| Културна географија | | | | | | | | |
| Протонизам | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Културен туризам | | | | | 1 | 1 | | |
| Среќата и културите | | | | | | | | |
| Македонски културни икони | | | | | | | 1 | 1 |
| Субкултура | | | | | | | | |
| Еколошка култура, екокритика | | | | | | | | |

Во горната табелата се застапени сите предметите од студиската програма кои студентите имаат можност да ги одбираат како задолжителни, изборни или слободни изборни предмети. Распоредот е направен по учебни години и покажува колку студенти го одбрале предметот и дали одговориле на анкетата. Извештајот е направен врз основа на анкетните листови од студентите.

Студентите на прашањата од анкетата под броевите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 може да одговараат со оценки од 5 (незадоволен) до 10 (одличен). На деветтото прашање, за тоа какви се барањата што се поставуваат пред нив и за тежината на испитот, студентите имаат можност да одберат една од понудените опции: многу големи, големи, соодветни, просечни, мали. Десеттото прашање се однесува на нивното присуство на часовите, и на ова прашање имаат можност да заокружат во проценти (100-80%, 80-60%, 60-40%, 40-20% и 20-0%).

Првите две колони од табелата се однесуваат на анкетираните студенти во учебната 2016/17 година. За оваа учебна година имаме девет анкетни листови. Анкетираните студенти на поставените прашања од 1 до 8 одговориле со највисока оценка 10 (одличен). На прашањето под број девет (9 анкетни листови) што се однесува за барањата што се поставуваат пред студентите (домашни задачи, семинарски трудови, есеи, тестови и друго) и за тежината на испитот, студентите одговориле дека се соодветни. На десетото прашање кое се однесува на нивното присуство на часовите 5 студенти, од можниот избор на одговори, одговориле дека нивното присуство на часовите го оценуваат со 80% до 60% а 4 студенти со 60% до 40%.

Во учебната 2017/18 година имаме мал број на анкетни ливчиња бидејќи од запишаните 4 студенти само 1 студент е активен односно ги полагал испитите, па во табелата се застапени само неговите одговори на поставените прашања. Студентот ги оценил со највисоката оценка 10 прашањата од 1 до 8; на 9-то прашање одговорил дека барањата што се поставуват пред студентите (домашни задачи, семинарски трудови, есеи, тестови и друго) и тежина на испитот се соодветни, а неговото присуство на часовите го оценил со одговор 100% до 80%.

Од дванаесет анкетни ливчиња во учебната 2018/19 ги добивме следните резултати: сите (12 анкетираните) студенти со 10 ги оцениле прашањата од 1 до 8; на деветото прашање, 11 од студентите одговориме дека барањата што се поставуваат пред студентите (домашни задачи, семинарски трудови, есеи, тестови и друго) и тежина на испитот се соодветни, додека 1 студент одговорил дека се големи. Со опцијата од 100% до 80% своето присуство на часовите го оцениле 8 студенти, додека останатите 4 студенти своето присуство го оцениле со 80-60%.

За учебната 2019/20 година имаме седум анкетни ливчиња. Во оваа учебна година имаме мал број на анкетирани студенти во однос на бројот на запишани бидејќи поголем дел од студенти испитите ги полагаат преку електронските платформи заради состојбата со ковид 19, а нашта анкета се спроведува анонимно, писмено по завршување на испитот.

Од седумте анкетни ливчиња ги добивме следните резултати: студентите со највисоката оценка 10 ги оцениле прашањата од 1 до 8; на деветото прашање 5 студенти одговориле дека барањата што се поставуваат пред студентите (домашни задачи, семинарски трудови, есеи, тестови и друго) и тежина на испитот се големи, а останатите 2 студенти дека се соодветни. Своето присуство како и во претходните години дел од нив, 2 студенти, го оцениле со од 100% до 80%, а останатите 5 студенти со 80% до 60%.

Ако ги анализираме резултатите од спроведената анкета ќе заклучиме дека анкетираните студентите (14 активни студенти) со највисока оценка 10 ја оцениле: подготвеноста на професорите за предавање; квалитетот на изведувањето на наставата; редовноста на часовите и рационално искористување на времето; достапноста за консултации и комуникација; односот кон студентот; обезбеденоста на соодветен материјал за учење и полагање на предметот; објективноста при оценувањето и начинот на реализирањето на испитот; општата оценка за наставникот и предметната содржина. Поделеност на мислењата кај анкетираните студенти (50%) имаше во однос на прашањето под број 9, кое се однесува на барањата што се поставуваат пред студентите (домашни задачи, семинарски трудови, есеи, тестови и друго) и за тежината на испитот со избраните два одговора дека тие се соодветни и големи. Поделеност во одговорите има и на десетото прошање кое се однесува за нивното присуство, на кое седум студенти од акетираните го оцениле со 100-80% а другите седум со 80-60%.

Во забелешките, беа искажани сугестии и коментари беа искажани благодарности и пофалби за професорите за квалитетот на наставата, за соработката што ја остварувале со желби за понатамошна успешна работа.

## Табела Анкета трет циклус - докторски студии

| Предмет | Учебна година 2016/17 | | Учебна година 2017/18 | | Учебна година 2018/19 | | Учебна година 2019/20 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. на студенти на предметот | Бр. на анкетни листови | Бр. на студенти на предметот | Бр. на анкетни листови | Бр. на студенти на предметот | Бр. на анкетни листови | Бр. на студенти на предметот | Бр. на анкетни листови |
| Народна културна традиција | | | | | 1 | 1 | | |
| Писмото и писмените споменици како културно наследство | | | | | 1 | | | |
| Културната и духовната традиција на Света Гора | | | | | | | | |
| Христијанска култура и уметност во средниот век | | | | | 4 | 1 | | |
| Средновековни естетски и културни модели | | | | | 2 | | | |
| Културно-историските процеси во 19 век | | | | | 2 | | | |
| Религија, нација, идентитет | | | | | 1 | | | |
| Културна одржливост и културна политика | 1 | | | | | | 2 | |
| Културна индустрија, културен маркетинг, културен менаџмент | 1 | | | | | | 3 | |
| Културните предизвици на глобализацијата | | | | | | | 2 | |
| Родови претстави во современата култура и медиуми | | | | | 2 | | 2 | |
| Виртуелна култура | | | | | | | 2 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Политиките на театарскиот дискурс | | | | | | | 2 | |
| Филмократијата и современата култура | 1 | | | | 1 | 1 | 1 | |
| Уметничкото (книжевното) дело во современата култура | | | | | | | 1 | |
| Културни идентитети | | | | | | | | |
| Еко-културни теории | 1 | 1 | | | | | 1 | |
| Култура и граници | | | | | 1 | 1 | | |
| Урбана културологија | 2 | 1 | | | 1 | | 2 | |
| Телото во културата | | | | | 1 | | 1 | |
| Бајката во културата | | | | | 1 | | 1 | |

Во учебната 2016/17 година на докторските студии се запишани 2 студенти. Оваа година нема многу анкетни ливчиња бидејќи едната студентка сѐ уште не завршила со полагање на испитите. Одговорите во двата анкетни листови се со позитивна оценка 10 за прашањата од 1 до 8; на 9-тото прашање најчест одговор е дека барањата што се поставуваат пред студентите се соодветни (домашни задачи, семинарски трудови, есеи, тестови и друго), исто и во однос на тежината на испитот, а своето присуство на часовите во 2 анкетни ливчиња е оценето со 100%-80%. Кај еден испитаник, во делот за забелешки, сугестии и коментари за подобрување на квалитетот на предметите стои дека треба да се обезбеди литература во PDF форма или како фотокопија која ќе може да ја користат студентите.

Со оглед на тоа што во учебната 2017/18 година запишаните два студенти, а кои не се активни односно не ги полагале испитите кои ги одбрале за првиот и вториот семестар немаме одговор на анкетата.

Во учебната 2018/19 година запишани се 7 студенти од кои двајца студенти почнале со настава од третиот семестар односно им се признаваат испитите од првиот и вториот семестар. Овие студенти не пополниле анкетни ливчиња бидејќи не слушале настава. Од четирите анкетни листови може да констатираме дека студентите кои ја пополниле анкетата за прашањата од 1 до 8 ја дале оценката 10; на деветтото прашање што се однесува за барањата што се поставуваат пред студентите (домашни задачи, семинарски трудови, есеи, тестови и друго) и тежина на испитот одговориле дека се соодветни, а за своето присуство во десетото прашање ја одбрале опцијата од 100% до 80%. Во оваа

година имаме пополнета и една анкета од студент кој се запишал во учебната 2015/16, но подоцна полагал (Културни идентитети), и оттаму пополнил анкета во наведениот период. Одговорите на овој студент се совпаѓаат со одговорите на студентите анкетирани во оваа учебна година.

Мал е бројот на анкетни листови од учебната 2019/20 година. Запишани се 6 студенти но, од кои некои сè уште не ги полагале испитите. Од постојните 4 анкетни листови ги добивме следниве резултати: прашањата од 1 до 8 анкетираните студентите ги оцениле со 10 (десет); на деветтото прашање тројца студенти одговориле дека барањата што се поставуваат пред студентите (домашни задачи, семинарски трудови, есеи, тестови и друго) и тежина на испитот се многу големи а еден студент одговорил дека се големи. Во четирите анкетни листови на 10-тото прашање студентите своето присуство на часовите го оцениле со опцијата од 100% до 80%.

Општиот впечаток од сите одговори на анкетираните студентите во анкетните листови (11) по учебни години е дека тие квалитетот на наставата го оценуваат со највисока оценка 10 (одличен), задоволни се од достапноста за консултации и комуникација на професорите, од односот кон нив и обезбеденоста на соодветниот материјал за учење и објективноста при оценувањето. Одговорите на прашањето за барањата што се поставуваат пред студентите (домашни задачи, семинарски трудови, есеи, тестови и друго) и тежина на испитот беа различни 3 студенти сметаат дека ти се многу големи, 1 студент дека се големи а останатите 7 студенти дека се соодветни. Присуството на часовите студентите доминантно го оцениле со од 100% до 80%.

Како општ заклучок се наметнува дека од страна на студентните образовниот процес и наставниците се мошне високо оценети по сите предвидени прашања од анкетниот лист. Барањата што се поставуваат пред студентите: домашни задачи, семинарски трудови, есеи, тестови, тежина на испитот (точка 9 од анкетниот лист) се појмени доминантно соодветни, но како исклучок се сретнува и ставот големи односно многу големи. Во однос на ова прашање присутна е и една забелешка за потребата од достапност на материјал за учење.

Иако станува збор за потешкотии што се спомнуваат како исклучок, Комисијата се заседе за подобрување на состојбата со достапност на материјали, информирање на студентите за сајтови каде што е достапна поширока стручна литература исто така, како и разгледување на можности за пристап кон други универзитетски е-библиотеки.

**Комисија за самоевалуација**

д-р Наташа Аврамовска, ред. професор / научен советник, претседател, с.р.

д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, ред. професор / научен советник, член, с.р.

д-р Валентина Миронска-Христовска, ред. професор / научен советник, член, с.р.

д-р Гоце Смилевски, вонред. професор / виш научен соработник, член, с.р.

д-р Славчо Ковилоски, доцент / научен соработник, член, с.р.

м-р Крсте Господиновски, студент, с.р.

Маја Лазарова, студент, с.р.